# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Со Одлука бр 2002-102/5 од 2017 година донесена на 180. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 4.4.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научните области ***имунологија*** и ***онкологија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 21 март 2017 година и во предвидениот рок се пријави насловен доцент д-р Јихе Зху, доктор на медицински науки (клиничка медицина), вработен во приватната установа „ТОНГ ДА ТАНГ" во Скопје, насловен доцент по клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип и раководител на апликативна дејност во Јавна установа - Центар за традиционална кинеска медицина - Штип.

Со пријавата, кандидатот насловен доцент д-р Јихе Зху ги приложи следниве документи:

- Пријава;
- Професионална биографија (CV);
- Фотокопија од диплома за завршен прв циклус академски студии – доктор на медицина;
- Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (бр.14-4405/2 од 6.9.2011 г.) за завршен прв циклус академски студии и стекнат академски назив доктор на медицина, насока Клиничка медицина (три примероци);
- Фотокопија од диплома за завршен втор циклус магистерски студии – магистер по медицински науки од областа на клиничка медицина;
- Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (бр.14-5274/2 од 27.9.2011 г.) за завршен втор циклус магистерски студии и стекнат научен степен магистер по медицински науки од областа на клиничка медицина (три примероци);
- Фотокопија од диплома за завршен втор циклус специјалистички студии – специјалист по естетска пластична хирургија;
- Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (бр.14-5273/2 од 27.9.2011 г.) за завршен втор циклус специјалистички студии и стекнат стручен назив специјалист по естетска пластична хирургија (три примероци);
- Фотокопија од диплома за завршен втор циклус специјалистички студии – специјалист по акупунктура;
- Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство (бр.14-7695/2 од 20.12.2011 г.) за завршен втор циклус специјалистички студии и стекнат стручен назив специјалист по акупунктура (три примероци);
- Фотокопија од диплома за завршен трет циклус докторски студии – доктор на науки по клиничка медицина;
- Уверение за државјанство;
- Уверение за познавање на македонски јазик.

Врз основа на приложената документација и на лично познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Доцент д-р Јихе Зху** е роден на 14 јуни 1962 година во Пекинг, НР Кина. Основно и средно образование завршува во Пекинг, НР Кина.

Образование:

- 1979 - 1984 г. - Медицински факултет (Универзитет во Пекинг).
- 1984 - 1986 г. - Постдипломски студии по клиничка медицина (Универзитет во Пекинг).
- 1986 - 1990 г. - Специјализација по пластична хирургија (Универзитет во Пекинг).
- 1990 -1992 г. - Докторски студии по клиничка медицина (Универзитет во Пекинг).
- 1992 -1996 г. - Специјализација по традиционална кинеска медицина и пракса во специјализираниот оддел за ТКМ во третата најголема болница при Универзитетот во Пекинг.
- 1998 - 2002 г. - Специјализација за хирургија на рака и ортопедија, како и останати специјалистички обуки и тренинзи при Универзитетот „Medical college of rheinischwestfälische technische hochschule Aachen“.

***Практична работа и работно искуство:***

1. Стажира на Универзитетот во Пекинг и третата по големина болница при Универзитетот во периодот од септември 1983 до септември 1984 г., од септември 1985 до септември 1986 г., од септември 1989 до септември 1990 г. CV – Zhu Yihe Page 2.
2. Работи како хирург во третата најголема болница при Универзитетот во Пекинг во периодот од октомври 1990 до октомври 1998 г.
3. Работи како хирург во третата најголема болница при Универзитетот во Пекинг во периодот 2002 – 2005 г.
4. Работи како доктор по традиционална кинеска медицина во Друштвото за традиционална кинеска медицина „Тонг Да Танг“ во Скопје, во периодот 2006 – 2017 г.

**Клучни компетенции**

**Хирургија**: третирање на рани на кожа и трансплантација на ткиво, површинска реконструкција, корекција на брчки со минимално инванзивна метода, трансплантација на коса, фина липосукција на разни делови од телото, методи на fat grafting, сите видови на третмани на лузни, hand limb reattachment, онколошки третмани и терапии.

**Традиционална кинеска медицина**: акупунктура и кинеска хербална медицина за третман на различни видови болести, болки, како и голем број хронични заболувања и анестезија со помош на акупунктура.

Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери, ги користи програмите на Microsoft, SPSS, STAT и за држење на настава, поддржана со Telecommunications; Databases; Graphics; Advanced Telecommunications; Multimedia / Hypermedia. Се користи со кинескиот, англискиот и германскиот јазик, а активно ги познава и ги користи македонскиот и српскиот јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Насловен доцент д-р Јихе Зху е доктор по медицински науки (клиничка медицина), а неговата научноистражувачка работа е главно фокусирана на хирургијата, традиционалната кинеска медицина, имунологијата и онкологијата.

Д-р Јихе Зху има диплома за завршени докторски студии (доктор по медицински науки, клиничка медицина). Има сертификат за владеење со англиски јазик. Избран е за насловен доцент по клиничка медицина на Факултетот за медицински науки (Универзитетски билтен на УГД, број 114 од 2.12.2013 година). -Има доставено сепарати од најмалку 50-тина

научноистражувачки трудови (законскиот предуслов за избор во доцент е четири трудови во меѓународни научни списанија) публикувани во меѓународни научни списанија. Во овој извештај се евалуирани трудовите на насловен доцент д-р Јихе Зху публикувани само во последните 5 години. Научните трудови со кои д-р Јихе Зху ги исполнува законските критериуми за избор во звање **вонреден професор** се (три од трудовите се публикувани во списанија со импакт фактор):

| **Бр**. | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието (или импакт фактор на списанието)** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica, Kozovska, Kristina | *Fire Needle Acupuncture Treatment for Lateral Epicondylitis (Tennis Elbow).* | American Journal of Clinical and Experimental Medicine, 5 (2017) pp. 60-63. ISSN 2330-8133.<br>http://eprints.ugd.edu.mk/17651/ | меѓународно научно списание, излегува 5 години, по 6 изданија годишно |
| 2 | **Zhu Jihe**, Arsovska, Blagica, Kozovska, Kristina and Nikolovska, Karolina | *Two Case Reports: Acupuncture Treatment for Trigeminal Neuralgia.* | American Journal of Health Research, 5 (2017) pp. 54-56. ISSN 2330-8796<br>http://eprints.ugd.edu.mk/17643/ | меѓународно научно списание, излегува 5 години, по 6 изданија годишно |
| 3 | **Zhu Jihe,** Arsovska, Blagica, Kozovska, Kristina and Nikolovska, Karolina | *Acupuncture in the treatment of pain* | Journal of Scientific and Innovative Research, 6 (1). pp. 16-18. ISSN 2320-4818<br>http://eprints.ugd.edu.mk/17655/ | 6 години (списанието излегува од 2011 година), меѓународно научно списание |
| 4 | Gulaboski, Rubin, Markovski, Velo and **Zhu Jihe** | *Redox chemistry of coenzyme Q—a short overview of the voltammetric features* | Journal of Solid State Electrochemistry, 20 (2016) pp. 1-10. ISSN 1432-8488<br>http://eprints.ugd.edu.mk/15913/ | **Списание со импакт фактор, IF = 2.384** |
| 5 | **Zhu Jihe** and Arsovska, Blagica | *Progress and Prospect of Clinical Research on Acupuncture Treatment of Stroke* | Asia-Pacific Traditional Medicine, 11 (19). pp. 38-39. ISSN 1673-2197<br>http://eprints.ugd.edu.mk/15354/ | 12 години (списанието излегува од 2005 година), меѓународно научно списание |
| 6 | Arsovska, Blagica, **Zhu Jihe** and Kozovska, Kristina | *Case Report: Acupuncture Treatment for Hypothyroidism.* | Imperial Journal of Interdisciplinary Research (IJIR), 2 (2016). pp. 184-187. ISSN 2454-1362<br>http://eprints.ugd.edu.mk/15680/ | меѓународно научно списание open journal access |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | **Zhu Jihe,** Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina | *Nocturnal enuresis in children - Treatment with acupuncture.* | IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) 15 (2016). pp. 29-31. ISSN 2279-0853<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/16263/ | **Списание со импакт фактор, IF = 1.486** |
| 8 | **Zhu Jihe** | *Fire Needle Acupuncture For Shoulder Pain.* | IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 11 (15). pp. 6-7. ISSN 2279-0853<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/16683/ | **Списание со импакт фактор, IF = 1.486** |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Со Одлука број 2502-288/17 од 27.12.2013 година, д-р Јихе Зху е избран за насловен доцент по клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип. Од летниот семестар во учебната 2013/2014 година, доцент д-р Јихе Зху изведува настава по предметите Рефлексотерапија и акупресура за студентите од студиската програма Физиотерапија, како и на предметот Општа хирургија за студентите на Дентална медицина. Покрај тоа, доцент Јихе Зху изведува настава и на втор циклус студии на студиските програми организирани од одделот Физиотерапија. Вклучен е и во наставата на трет циклус студии-Општа медицина, по предметите Традиционална кинеска медицина, Клиничка онкологија, Компаративна медицина меѓу традиционалната кинеска медицина и клиничката онкологија и Традиционална кинеска медицина во клиничката гинекологија и акушерство. Доцент д-р Јихе Зху е вклучен и во основањето и во работата на Центарот за традиционална кинеска медицина, владина институција што успешно работи повеќе од една година во просториите на УГД во Штип. Треба да се истакне дека доцент д-р Јихе Зху е главен координатор помеѓу Амбасадата на НР Кина и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во рамките на оваа соработка, секоја година преку програми наменети за студентите на УГД - Штип, десетина студенти од Факултетот за медицински науки при УГД - Штип добиваат стипендии за престој на кинески универзитети од страна на НР Кина. Од доставените биографски податоци може да се утврди дека доцент д-р Јихе Зху има импресивна публикувачка активност. Тој е автор на повеќе од 70-тина научни трудови публикувани во меѓународни научни списанија и во списанија со импакт фактор. Трудовите на доцент Јихе Зху опфаќаат проблематики од областа на хирургијата, онкологијата, имунологијата и традиционалната кинеска медицина. Најголем дел од трудовите на доцент Јихе Зху се елаборирани во рефератот за негов избор од 2.12.2013 година и може да се најде во следниот документ: http://www.ugd.edu.mk/images/stories/file/pdf/univerzitetski_bilten/ebilteni/11-15/2013/114/pdf/114-2.pdf. Во овој реферат се елаборирани само трудовите на доцент Зху Јихе што се публикувани во последните 5 години.

**А. Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на доцент д-р Зху Јихе (публикувани во последните 5 години)**

Во овој труд авторите ги прикажуваат ефектите на акупунктурата што се изведува со помош на загреани игли врз пациенти со lateral Epicondylitis, или тениски лакот. Покажано е дека кај сите пациенти со овие симптоми, третманот со загреани игли дава успешни резултати, при што рехабилитацијата кај пациентите третирани на овој начин трае релативно кратко време, односно не подолго од 7 дена. Во поглед на класичните методи на третирање, методот со загреани игли е брз и ефикасен.

**Zhu Jihe**, Arsovska, Blagica, Kozovska, Kristina and Nikolovska, Karolina, *Two Case Reports: Acupuncture Treatment for Trigeminal Neuralgia*. American Journal of Health Research, 5 (2017) pp. 54-56. ISSN 2330-8796. http://eprints.ugd.edu.mk/17643/

Третирањето на тригеминалната невралгија со помош на акупунктура е изведено врз двајца пациенти кај кои се забележани овие симптоми. Додека класичната медицина за овие типови на болести предвидува третирање со медикаменти и оперативни зафати, традиционалната кинеска медицина со акупунктура овозможува третирање на пациентите со загреани игли. Кај еден од пациентите е забележано целосно заздравување при еден третман, додека кај другиот пациент со шест третмани е овоможено целосно закрепнување и исчезнување на симптомите од тригеминалната невралгија.

**Zhu Jihe,** Arsovska, Blagica, Kozovska, Kristina and Nikolovska, Karolina, *Acupuncture in the treatment of pain,* Journal of Scientific and Innovative Research, 6 (1). pp. 16-18. ISSN 2320-4818. http://eprints.ugd.edu.mk/17655/

Во студија направена на 41 пациент се прикажани резултатите од третманот на некои чести типови на болки кај пациенти кои биле третирани со акупунктура. Покажано е дека само кај 4 % од пациентите акупунктурата не довела до никакво подобрување, додека кај повеќе од 64 % од пациентите е реферирано дека имаат целосно исчезнување на болката, а кај 32 %, болката делумно исчезнува. Акупунктурата во спрега со хербалната медицина претставува сигурна алтернатива за отстранување на болките од различен тип кај пациентите третирани во ординација за традиционална кинеска медицина.

Gulaboski, Rubin, Markovski, Velo and **Zhu Jihe,** *Redox chemistry of coenzyme Q—a short overview of the voltammetric features*, Journal of Solid State Electrochemistry, 20 (2016) pp. 1-10. ISSN 1432-8488 (IF = 2.384). http://eprints.ugd.edu.mk/15913/

Во рамките на овој труд авторите даваат детален преглед на редокс својствата и антиоксидативниот потенцијал на соединенијата од фамилијата на лоензим Q. Покрај тоа, даден е детален опис на својствата на нови витамини што се синтетизирани од коензим Q во алкална средина и на нивните антиоксидативни својства во поглед на редуцирачките способности кон одредени реактивни честички на кислородот што се креираат од хумани макрофаги или лимфоцити. Овие реактивни честички на кислородот (најчесто, тоа се слободни реактивни радикали) се главни предивикувачи на голем број канцерогени заболувања. Во овој труд се елаборирани експерименти каде што е покажан ефектот на новите витамини врз намалувањето на концентрацијата на слободните радикали индуцирани од макрофагите. Покрај тоа, авторите покажуваат и дека новите витамини-деривати изведени од коензим Q имаат способност за комплексирање на некои метални катјони, како и за нивен транспорт преку митохондријалните мембрани. Трудот дава нов поглед врз својствата и реактивноста на хидрокси-кинонските деривати изведени од фамилијата на коензим Q. Резултатите од оваа публикација се релевантни како за биоелектрохемијата, така и за биохемијата, физиологијата, имунологијата и онкологијата на соединенијата од класата на коензим Q.

**Zhu Jihe** and Arsovska, Blagica, *Progress and Prospect of Clinical Research on Acupuncture Treatment of Stroke,* Asia-Pacific Traditional Medicine, 11 (19). pp. 38-39. ISSN 1673-2197. http://eprints.ugd.edu.mk/15354

Во овој прегледен труд авторите елаборираат голем број случаи каде што акупунктурата е користена како метода за третман на пациенти со мозочен удар. Прикажани се случаи каде што третманот со акупунктура доведува до успешно заздравување во повеќе од 60 % од случаите на пациенти што преживеале мозочен удар. Методите на акупунктурен третман може да се користат како успешна алтернатива за постоперативна рехабилитација кај пациентите со преживеан мозочен удар.

Arsovska, Blagica, **Zhu Jihe** and Kozovska, Kristina, *Case Report: Acupuncture Treatment for Hypothyroidism*. Imperial Journal of Interdisciplinary Research (IJIR), 2 (2016). pp. 184-187. ISSN 2454-1362. http://eprints.ugd.edu.mk/15680

На пациентка од 24 години со дијагностициран хипертиреоидизам е вршен третман со акупунктура во период од три години, еднаш неделно. Анализата на тироидните хормони во текот на третманот со акупунктура, како и по завршувањето на третманите покажале нормализирање на нивната концентрација во регуларни граници. Резултатите од испитувањата покажуваат дека акупунктурата како алтернативна метода може успешно да се употреби во третирањето на хипертироидизмот.

**Zhu Jihe,** Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina. *Nocturnal enuresis in children - Treatment with acupuncture*. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) 15 (2016). pp. 29-31. ISSN 2279-0853 (IF = 1.486). http://eprints.ugd.edu.mk/16263

Ноќната енуреза е честа појава кај децата и кај тинејџерите. Третирањето на оваа појава со помош на акупунктура е следено кај 13 деца, при што со третмани во период од 8 третмани, појавата кај ноќно мокрење кај сите испитувани пациенти (8 момчиња и 5 девојчиња) била 100 % терминирана. Резултатите од овие испитувања се корелирани со други слични испитувања, при што е заклучено дека акупунктурата во траење од 30 до 40 минути за време од неколку недели придонесува за целосно терминирање на ноќната енуреза кај децата и тинејџерите.

**Zhu Jihe,** *Fire Needle Acupuncture For Shoulder Pain*. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 11 (2016). pp. 6-7. ISSN 2279-0853. (IF = 1.486). http://eprints.ugd.edu.mk/16683/

Во рамките на овој труд се прикажани резултатите од испитувањата на 23 пациенти со болки во рамото, при што за третман биле употребени методи на акупунктура со загреани игли. При 5-10 третмани со загреани игли, што траеле не подолго од 10 минути, кај сите 23 пациенти (14 машки и 9 женски), дошло до целосно терминирање на болката во рамото. Резултатите од испитувањата се во согласност со слични испитувања извршени од други научни работници.

**Zhu, Jihe**,Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina, *Acupuncture Treatment for Migraine*. International Journal of Advanced Ayurveda, Yoga, Unani, Siddha and Homeopathy, 6 (2017). pp. 348-350. ISSN 2320 – 0251 http://eprints.ugd.edu.mk/17640/

Во рамките на овој труд е даден детален преглед на резултатите на пациенти со мигрена (2 машки и 30 женски пациенти на различни возрасти од 25 до 75 години), при што биле третирани точките Baihui-DU20, Sishencong-EXHN1, Yangbai-GB14, Yintang-EX-HN3, Taiyang-EX-HN5, Hegu-LI4, Zhongwan-RN12, Zusanli-ST36, Sanyinjiao-SP6, Taichong-LR3, Fengchi-GB20, Dazhui-DU14, Pishu-BL20, Weishu-BL21, GanshuBL18. Кај најголем број пациенти мигрените целосно исчезнале по пет третмани со акупунктура, при што целосно исчезнале главоболките и дошло до нормален проток на крв. Кај сите третирани пациенти успешно биле терминирани мигренските проблеми со помош на акупунктура.

**Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2017) *Case Report Acupuncture And Herbal Treatment With Yunnan Baiyao For Hyperhidrosis*. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 16 (2). pp. 80-81. ISSN 2279-0853 http://eprints.ugd.edu.mk/17532/

Кај пациент што имал прекумерно губење на вода преку екцесивно потење, направена е комбинација од акупунктура и третман со хербални медикаменти (Yunnan Baiyao tea, 0,25 g). При третмани со акупунктура, еднаш неделно, за период од 16 недели, целосно е терминиран процесот на прекумерна дехидрација преку потењето. Точките на акупунктура се прецизно определени околу црниот дроб, слезината и бубрезите.

**Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2016) *Case Report: Acupuncture Treatment for Cervical Spondylosis*. Imperial Journal of Interdisciplinary Research (IJIR), 3 (1). pp. 193-194. ISSN 2454-1362, http://eprints.ugd.edu.mk/16829/

Кај 47-годишен пациент со цервикална спондилоза, болест на грбот што се појавува во периодот по 40-тата година, поради дегенерација на цервикалниот диск, направени се третмани на акупунктура при што пациентот е успешно и целосно излекуван. Параметрите што се следени при третманот се споредувани со параметрите на пациенти со слична дијагноза, третирани на идентичен начин.

**Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2016) *Case Report: Oligoasthenoteratozoospermia, Treatment with Acupuncture*. Imperial Journal of Interdisciplinary Research (IJIR), 2 (9). pp. 1592-1594. ISSN 2454-1362 http://eprints.ugd.edu.mk/16246/

Кај пациент на возраст од 35 години, со дијагноза Oligoasthenoteratozoospermia, што доведува до неплодност кај машката популација, направени се 7 третмани со акупунктура за време од 2 недели, при што се следени биохемиските параметри во поглед на мобилноста и бројот на сперматозоидите. Притоа е утврдено дека за 35 % се зголемени позитивните параметри на сперматозоидите, што доведува до значително зголемување на плодноста кај пациентот.

**Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2016) *Spontaneous abortion treatment with acupuncture and Cordyceps sinensis*. Journal of Case reports in Practice (IF = 0.7), 4 (3). pp. 30-31. ISSN 2322-5041 http://eprints.ugd.edu.mk/16247/

Пациентка на 38-годишна возраст, соочена со чести спонтани абортуси до 12-тата недела. По 11 третмани со акупунктура и администрација на Cordyceps synensis in capsule, 1 g два пати на ден, пациентката успешно забременува и во март 2016 година раѓа здраво женско дете за првпат. Притоа, следени се сите биохемиски параметри во текот на третманот и во текот на бременоста и забележано е целосно нормализирање на релевантните физиолошки параметри кај пациентката.

**Б. Трудови презентирани како постер-презентации или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми, или публикувани во домашни списанија**:

Karovski, Martin, **Zhu, Jihe** and Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2016) *Acupuncture Treatment for Lumbar Disc Herniation*. Macedonian medical electronic journal, 2016 (5). ISSN 1857-9809. http://eprints.ugd.edu.mk/15760/

Zhu, Jihe and Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2016) *Epilepsy - Treatment with Acupuncture: Case Peport*. Macedonian medical electronic journal, 2016 (5). ISSN 1857-9809 . http://eprints.ugd.edu.mk/15759/

Kozovska, Kristina and Zhu, Jihe and Arsovska, Blagica (2015) *Acupuncture treatment of cervical spondylosis*. Maced Med Electr J, 2015 (50021). pp. 1-5. ISSN 1857-9809 . http://eprints.ugd.edu.mk/14956/

**Zhu, Jihe** (2013) *Research Progress on the Effect and Mechanism of Traditional Chinese Medicine Treatment for Scar,* Medical Frontier, 3 (5). pp. 10-11. ISSN 2095-1752. http://eprints.ugd.edu.mk/15361/

**Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2016) *Case Report - Acupuncture treatment for Nocturnal Enuresis*. In: ICMART XVIII World Congress on Medical Acupuncture, 10-12 June 2016, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/16075/

Arsovska, Blagica and **Zhu, Jihe** (2016) *Case Report -Acupuncture Treatment for Hypothyroidism*. In: ICMART XVIII World Congress on Medical Acupuncture, 10-12 June 2016, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/16076/

**Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica and Kozovska, Kristina (2016) *Nocturnal enuresis in children treatment with acupuncture*. In: ICMART XVIII World Congress on Medical Acupuncture, 10-12 June 2016, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/16077/

Arsovska, Blagica, **Zhu, Jihe**, Vasileva, Dance, Sterjovska-Aleksovska, Andrijana and Kozovska, Kristina (2015) *Case Report: Oligoasthenoteratozoospermia, treatment with acupuncture*. In: International symposium at Faculty of Medical Sciences - Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, 24 Nov 2015, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/15058/

Vasileva, Dance, Lubenova, Daniela, Mihova, Marija, Maznev, Ivan, Nikolovska, Lence and **Zhu, Jihe** (2015) *Correlation between dynamic balance and gait parameters in patients with ischemic stroke in the chronic period*. In: International symposium at Faculty of Medical Sciences - Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, 24 Nov 2015, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/15053/

Kozovska, Kristina, **Zhu, Jihe** and Arsovska, Blagica and Sterjovska-Aleksovska, Andrijana (2015) *Treatment of cervical spondylosis with acupuncture*. In: Book of Abstracts-International Symposium at Faculty of Medical Sciences "Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research", 24 Nov 2015, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/17314/

**Zhu, Jihe**, Arsovska, Blagica, Vasileva, Dance, Petkovska, Sofija and Kozovska, Kristina (2015) *Acupoints for cervical spondylosis*. In: First National Congress of the Bulgarian Society of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics with International Participation, 2-4 Oct 2015, Sofia, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/13950

**Учесник во проекти:**

Z. Jihe. Comparative herbal investigations", 2015-2020, Project funded by the Chinese Academy of Medical Sciences

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент д-р Јихе Зху е доктор по медицински науки (клиничка медицина) и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областите *имунологија* и *онкологија*. Во 2013 година, д-р Јихе Зху е избран за насловен доцент по клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип. Од 2014 година, тој е ангажиран како наставник на прв циклус студии на студиските програми Физиотерапија и Дентална медицина. Покрај тоа, вклучен е во наставата и на студиските програми од втор циклус студии на Одделот за физиотерапија. Научноистражувачката работа на доцент д-р Јихе Зху е фокусирана на неколку области и тоа: акупунктура, хербална медицина, имунологија, онкологија и ортопедија. Во текот на неговата кариера, д-р Јихе Зху е автор на повеќе од 70 оригинални трудови што се публикувани во реномирани меѓународни списанија, а голем дел од трудовите се публикувани и во списанија со фактор на влијание. Доцент д-р Јихе Зху е целосно посветен на пренесувањето на неговото знаење од праксата кон студентите. Покрај тоа, тој е еден од основачите на Центарот за традиционална кинеска медицина - владина институција што функционира во рамките на УГД - Штип. Доцент д-р Јихе Зху е добитник на бројни интернационални награди за неговите постигнувања во медицината. Д-р Јихе Зху е главен координатор за обезбедување на стипендии од НР Кина за студентите од Факултетот за медицински науки при УГД Штип. Стипендиите се за усовршување на студентите на универзитетите и здравствените установи во НР Кина. Во последните пет години, доцент д-р Јихе Зху е автор на повеќе од 30-тина трудови, од кои 15-тина се публикувани во меѓународни научни списанија, а четири се публикувани во списанија со импакт фактор.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип **да го избере доцент д-р Јихе Зху во звање *вонреден професор во наставно-научната област онкологија* на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Цвета Толевска, редовен професор (во пензија),**
**Институт за радиотерапија и онкологија, УКИМ - Скопје, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Лилија Анастасова-Николова, редовен професор (во пензија),**
**Институт за радиотерапија и онкологија, УКИМ - Скопје, член, „/„**
**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, редовен професор на Факултет за**
**медицински науки, УГД - Штип, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**НАдоцент д-р Јихе Зху ***

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Избран во звање доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание опфатено во (СЦИ / ЦА / останати)<br>Кандидатот има **4 трудови објавени во списанија со импакт фактор (СЦИ), трудовите со реден број: 4, 7, 8 и 13**<br>Кандидатот има **9 трудови објавени во меѓународни списанија, трудовите со реден број: 1, 2, 3, 5, 6, 9, 10, 11 и 12** | | | 4<br>9 | 9<br>6 | **36**<br>**54** |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Во странство – **кандидатот има вкупно 11 трудови објавени или презентирани на интернационални научни манифестации, трудовите со реден број 14-24** | | | 11 | 2 | **22** |
| **4.** | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **112** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | **Учесник во научен проект во странство-учесник во еден интернационален еден проект, под реден број 25** | | | 1 | 8 | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО, НИ, САОР)** | | | | | **150** |

***Вреднувани се само трудовите и активностите на доц. д-р Јихе Зху во последните пет години.**